**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА И УРГЕНТНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-93/9 од 3.4.2018 година донесена на 199. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 3.4.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија и **ургентна медицина** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 12.3.2018 година и во предвидениот рок се пријавија:

- прим. д-р Татјана Тројиќ, д-р сци; доктор по анестезиологија од областа на медицинските науки, вработена во Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ);
- д-р Маја Мојсова-Мијовска, д-р сци, доктор по анестезиологија од областа на медицинските науки, вработена во Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ - Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

***Д-р сци. Маја Мојсова-Мијовска***

Кандидатката д-р сци. Маја Мојсова-Мијовска е родена во 1971 година во Скопје. Во 1989 година го завршува средното училиште во гимназијата „Никола Карев“, отсек Биотехнологија со природни науки. Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје го завршува na 29.3.1996 година, со просечен среден успех 8,0. Од 1996 година волонтира на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ). Во 1999 година започнува со приватна специјализација по анестезиологија со интензивно лекување, која успешно ја завршува на 24.4.2003 година на Универзитетската клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) при УКИМ, Скопје. Задолжителниот турнус од два месеци по анестезија во кардиохирургијата го поминува во „St. Lucas Hospital“ во Малта под супервизија од проф. д-р Зарб Адами.

Во 2001 година, д-р Маја Мојсова-Мијовска се вработува на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување, Клинички центар (КАРИЛ), Скопје, каде што работи сè до денес. Во 2008 год. го завршува курсот за регионална анестезија при Клиничкиот центар, Љубљана.

Како лекар специјалист по анестезиологија со реанимација својата стручна дејност ја изведува во одделите на КАРИЛ со особен интерес за анестезија во урологијата. Во 2013 година е назначена за болнички координатор за трансплантација од Министерството за здравство на Р. Македонија и сè уште ја врши истата функција.

Во периодот од јуни до октомври 2013 година работи во болницата „Сабах Ал Ахмед“ во Кувајт.

Во 2014 година, д-р Маја Мојсова-Мијовска станува шеф на Одделот за анестезија во урологијата, а во 2017 година е назначена за раководител на ОЕ КАРИЛ при ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар - Скопје.

Во 2015 година ја завршува напредната школа за болнички координатор на Универзитетот во Барселона под покровителство на TPM (Transplant Procurement Management) и се здобива со Европска диплома за болнички координатор при трансплантација на органи.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Д-р Маја Мојсова-Мијовска е доктор на науки по клиничка медицина, отсек Анестезија со реанимација;
2. Има остварен просечен успех од 8.0 на студиите на прв циклус (додипломски студии), завршени специјалистички студии по анестезиологија со реанимација и интензивна терапија, постдипломски студии 9,57 и завршени докторски студии со просечен успех од 9, 25;
3. Има сертификат за активно владеење на англискиот јазик (четврт степен);
4. Има препорака од работодавецот и двајца професори од соодветната специјалност;
5. Има доставено копии од три труда како автор и 14 како коавтор, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
6. Има доставено и сепарати од сите до сега објавени трудови.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Мојсова-Мијовска М,** Срцева-Јовановски М. и др. | Correlation between CVP and MAP and influence on onset of dieresis in different regimes in living donor kidney transplantation | Mac. Med Pregled 2016, 69(3):149-154 | Списанието излегува од 1947 година Научно списание со меѓународен уредувачки одбор. |
| 2 | **Мојсова-Мијовска М,** Срцева-Јовановски М. и др. | The impact of intra-operative targeting ofcentral venous presure on onset of dieresis in different regimes in living donor kidney transplantation | Acta morphol. 2016; 13(1):19-24 | Списанието излегува од 2000 година<br><br>Со меѓународен уредувачки одбор. |
| 3 | Александра Гавриловска-Брзанов, Мирјана Шошолчева , Зорка Николова - Тодорова , Гордана Талеска , **Маја Мојсова Мијовска** и др. | Евалуација на ефектот на покачениот интраабдоменален притисок на висцералната перфузија | Medicus 2013, Vol. 18 (2): 39-46 | Списанието излегува од 2005 година Со меѓународен уредувачки одбор. |
| 4 | Taleska G, Nikolova Z, Durnev V, **Мојсова-Мијовска М,**, at all. | Pediatric Enigma in ICU – Late Treatment of Severe Sepsis: A Case Report. | Maced J Med Sci. 2012 Jul 31; 5(2):189-193. http://dx.doi. org/ 10.3889/ MJMS.1957-5773.2012.0217. | Списанието излегува од 2008 година Global **Impact Factor 0,166** |

7. или два научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Мојсова-Мијовска М,** Гавриловска А., Срцева-Јовановски М. | The influence of target central venous pressure (CVP) on early graft function after living donor kidney transplantation | J. Anesth Surg OA 2017, 4(2):1-4 | Меѓународно научно списание Global **Impact Factor 0,56** |
| 2 | Gavrilovska Brzanov A., Al Jarllah M., Cogliati A., **Мојсова-Мијовска М,** at all. | Evaluation of the hemodynamic response to Endotracheal intubation comparing the Airtraq® with Macintosh laringoscopes in Cardiac surgical patients | Acta inform med. 2015; 23(5):280-284 Doi:10.5455/ aim.2015.23.280-4 | Меѓународно научно списание излегува од 2009 година.<br><br>Global **Impact Factor 0.76** |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2003 год., како специјалист по анестезиологија со реанимација, активно е вклучена во подготовката и изведувањето на практичната настава и доедукација на вработените медицински сестри, студентите од додипломската настава, како и со студентите од ТСС - радиолошки технолози. Активно се занимава со едукација на специјализантите по обласа анестезиологија со интензивна медицина, како и специјализантите за семејна медицина.

Во периодот од октомври 2009 до март 2010 година ја завршува тринеделната школа спонзорирана од Светската и Европската асоцијација на анестезиолози наречена Teaching the teachers, каде што се здобива со диплома инструктор **едукатор по анестезија.** Во наредните години е едукатор и организатор на курс за едукација на анестезиолози во Р. Македонија. Во 2011 година ја завршува школата за механичка вентилација во Едукативниот центар на „Drager" во Лубек – Германија и во наредните години врши едукација за механичка вентилација на анестезиолозите во Македонија.

Во 2013 година е избрана за ментор во процесот на едукација на специјализантите.

Од 2011 година се запишува на вториот циклус на настава на Медицинскиот факултет (постдипломски студии), каде што ги положува сите испити предвидени со програмата со просечна оценка 9,57. Во 2013 година се префрлува од вториот циклус и продолжува на третиот циклус, на докторски студии при Медицинскиот факултет во Скопје на делот - клиничка медицина, а од 2013 година работи на докторската десерација со наслов *„Улогата на целниот централен венски притисок (ЦВП) врз раната функција на графтот кај бубрежна трансплантација од жив донор"*. Во 2016 година ги завршува докторските студии со просечна оценка 9.25 и успешно ја брани докторската теза и се стекнува со звањето доктор по медицински науки. Автор и коавтор е на повеќе од 60 научни трудови во различни домашни и интернационални изданија.

***Список на објавени трудови***

1. **Mojsova- Mijovska M** .Evaluacija na hemodinamskite parametric I intraoperativniot tretmaan vo odnos na ranata funkcija na graftot kaj bubrezna transplanatcija- recenziran trud od recenzentska komisija od doktorskite studii pri Medicinski Fakultet Skopje(2014)
2. **Mojsova –Mijovska M,** Gavrilovska A, Srceva –Jovanovski M At al. development of postoperative delirium in the elderly- АРУД, orthopedic anesthesia and intensive care; may 2016
3. **Маја Мојсова Мијовска**, Марија Јовановски-Срцева, Дарко Ангушев. Анестезиолошки пристап при уролошки крвавења. I-ва Македонскла конференција за алтернативи во трансфузијата на критично болни пациенти – 2012
4. **M. Mojsova Mijovska .** The role of intraoperative target central venous pressure (CVP) in living donor kidney transplantation on initial function( the first 24 hours urine output). International Nephrology Days 2014
5. **M. Mojsova**. Anestesiological aspects in maintaining and improving of renal function in patients with kidney transplantation . CME – Clinical Anesthesia 2017

6. **M Mojsova Mijovska.** Mozocna smrt I odrzuavenje na potencijalen donor. CME-neurology, loco regional anesthesia and pain therapy 2016
7. **М Мојсова .** Вентилатори . CME – respiration and thorax 2011

***Коавтор:***

8. A.Gavrilovska- Brzanov, **M. Mojsova Mijovska.** Does intra-abdominal pressure measurement increase the risk of urinary tract infection in critically ill patients? Acta morphol.2016; vol 13(2);35-39
9. Jovsanovski-Srceva. M, **Mojsova M** et al. effects of preoperatrivly given amino acid infusion on blood glucose and c-peptide levels in surgical patients. Phisyoacta vol.9 No1;2015
10. A.Gavrilovska- Brzanov, **M. Mojsova Mijovska** et al. Carboxyhemoglobin changes in relation to inspired oxygen fraction during general anesthesia SJAIT 2017- original aricle
11. A.Gavrilovska- Brzanov, **M. Mojsova Mijovska** et al. The influence of smoking on the variations in carboxyhemoglobin and methhemoglobin during urologic surgery; Med Arch 71(3);178-182 2017
12. Marina Temelkovska-Stevanovska, **Maja Mojsova Mijovska** et al, Coninuous femoral nerve block versus fascia iliaca compartment block as postoperative analgesia in patients with hip fracture. Contribution sec. med sci. XXXV 2,2014
13. Marija Jovanovski –Srceva ,**Maja Mojsova** et al. insulin ressistance ,glycemia and cortisol levels in surgical patients who had preoperative caloric load with amino acids. Contribution sec. med sci. XXXVI 2,2015
14. Srceva M, **Mojsova M** et al. changes of haemodynamic parametars during anesthesia I in hypertensive patients treated with angiotensin converting enzyme(ACE) inhibitors; Physioacta Vol7-No2; 2013
15. Gordana Taleska, **Maja Mojsova Mijovska** et al. Hypoxia during one lung ventilation in thoracic surgery Mak. Med. Pregled 2011;65(3):190-196
16. A.Gavrilovska- Brzanov, **M. Mojsova Mijovska et** al. evaluacija na efektot na poka;eniot intraabdominalen pritisok na visceralna perfuzija. Medicus 2013, Vol 18(2): 39-46
17. A.Gavrilovska- Brzanov, **M. Mojsova Mijovska** et al. Evaluation of the haemodynamic response to endotracheal intubation comparing the Airtraq with Macintosh laryngoscopes in cardiac surgical patients, Acta Infrom Med 2015 23(5); 280-284
18. A.Gavrilovska- Brzanov**, M. Mojsova Mijovska** et al. evaluation of the effects of elevated intra-abdominal pressure on the respiratory mechanics in mechanically ventilated patients. Maced. J. Med. Sci 2013 .03-06
19. Gordana Taleska, **Maja Mojsova Mijovska** et al. pediatric enigma in ICU- late treatment of severe sepsis: a case report. Maced. J. Med. Sci 2012;5(2);189-193
20. Marija Jovanovski –Srceva ,**Maja Mojsova** et al. evaluation of thoracic trauma injuries in patients admitted in the intensive care unit . Orthopedic anesthesia and intensive care; may 2016
21. Josifov, A. Simeonova, J. Masin-Spasovska, S. Dohcev, O.Stankov, S. Stavridis, S. Saidi, I. Rambabova-Busletic, M. Lazarevska, **M. Mojsova-Miovska,** G. Spasovski. Iliaco-renal bypass surgery with saphenous vein graft in kidney transplant recipient Mak Med Pregled 2013; 67(2): 123-125
22. G. Spasovski, S. Dohcev, O. Stankov, S. Stavridis, S. Josifov, S. Saidi, **M. Mojsova-Miovska**, J Masin-Spasovska. Kidney Transplant Program In Republic Of Macedonia - The Reality Of Outstanding Results Achieved In 2012 Mak Med Pregled 2012; 66(3): 129-130
23. Jovanovski-Srceva M,Kuzmanovska B,Kartalov A,**Mojsova M** et al. Thymectomy for Myastenia gravis and anestehstic implications-aretrospective study; Epilepsy and Neurology no.47/48 -2015-16
24. Jovanovski-Srceva M, Stavridis S, **Mojsova M** et al. Burnout syndrome and medical workwers- 6th Macedonian congress of radiology 2016
25. Jovanovski-Srceva M, **Mojsova M**. vlijanieto na predoperativno dadeni amino kiselini vrz glikemijata I c- peptidot kaj hirurski pacienti –V congress of Macedonian Anesthesiologist 2014

26. Stavridis S, Georgiev G, Penev M, Stankov O, Dohcev S, Saidi S, Ivanovski O, Janculev J, **Mojsova M**, Srceva M, Popov Z. Renal Cell Carcinoma with presense of venous tumor thrombus in the renal vein: surgical treatment and follow up. Mak Med Pregled 2012; 66(1): 51-57
27. S. Dohcev, O. Stankov, J. Masin-Spasovska, S. Stavridis, I. Rambabova-Busletic, S. Josifov, S. Saidi, **M. Mojsova-Miovska,** V. Stankov, G. Spasovski A lymphocele after kidney transplantation can resemble theclinical condition of renal artery kinking or stenosis Mak Med Pregled 2012; 66(3): 187-190

Рудови за рецензија:

1. **Mojsova-Mijovska M,** Gavrilovska A, Srceva –Jovanovski M At al. The influence of targeting central venous pressure(CVP) on early graft function after living donor kidney transplantation(2017) J.Anesth Surg vol.4 issue 2**- Impact factor 0.56**

Тоа е оригинален труд кој претставува истражување за ефикасноста на ЦВП во примарната функција на графтот кај трансплантација на бубрег од живи донори. Трудот е печатен во странско списание со импакт фактор. Трудот има научно и големо клиничко значење.

2. **Mojsova-Mijovska M,** Jovanovski-Srceva M et al. Correlation between CVP and MAP and influence on onset of diuresis in different regimens in living donor kidney transplantation(2016) Mak. Med. Pregled 69(3):149-154

Во трудот авторите ја споредуваат поврзаност меѓу средниот артериски притисок (САП) и ЦВП и појавата на првата урина при разни инфузиски режими при трансплантација на бубрег од живи донори. Со овој оригинален труд и добиените резултати се покажа дека инфузискиот внес до толерантни вредности на САП и ЦВП влијае врз подобра диуреза на трансплантираниот бубрег. Трудот има научен и клинички придонес и вредност.

3. **Mojsova- Mijovska M,** Jovanovski-Srceva M et al. The impact of intraoperative targeting of central venous pressure on onset of diuresis in living donor kidney transplantation. Acta morphol.2016; vol13(1):19-24

Во овој оригинален труд авторите се задржуваат на централниот венски притисок (ЦВП) како параметар кој е одговорен за појавата на диуреза кај трансплантиран бубрег од жив донор. Авторите покажуваат дека постои правопропорционален сооднос меѓу времето на појавата на диуреза и височината на ЦВП. Трудот е печатен во гласило на Медицинскиот факултет во Скопје и е цитиран повеќе од 20 пати. Трудот има научен придонес.

4. Александра Гавриловска-Брзанов, Мирјана Шошолчева , Зорка Николова - Тодорова , Гордана Талеска , **Маја Мојсова Мијовска** и др. Евалуација на ефектот на покачениот интраабдоменален притисок на висцералната перфузија; Medicus 2013, Vol. 18 (2): 39-46

Овој оригинален труд се однесува на ефектите на т.н. „компартман синдром“. Авторите го мерат интраабдоминалниот притисок и ја следат перфузијата на висцерите. Добиените резултати покажуваат намалена висцерална перфузија кај болните со зголемен интраабдоминален притисок. Трудот има исклучителен клинички придонес.

5. Taleska G, Nikolova Z, Durnev V, **Мојсова-Мијовска М,**, at all. Pediatric Enigma in ICU – Late Treatment of Severe Sepsis: A Case Report. Maced J Med Sci. 2012 Jul 31; 5(2):189-193. http://dx.doi.org/ 10.3889/MJMS.1957-5773.2012.0217. ). **Impact Factor 0.26**

Трудот претставува приказ на случај на задоцнето третирање на сепса кај дете заради операција – ритуална циркумцизија. Авторите во трудот го анализираат пристапот на неочекуваното и несакано случување по една минорна хируршка интервенција. Авторите ги анализирале можните причини за појавата на сепсата и септичниот шок , како и прогнозата при задоцнето третирање на шокот. Трудот има клиничко и едукативно значење.

6. Gavrilovska Brzanov A., Al Jarllah M., Cogliati A., **Мојсова-Мијовска М,** at all. Evaluation of the hemodynamic response to Endotracheal intubation comparing the Airtraq® with Macintosh laringoscopes in Cardiac surgical patients, Acta inform med. 2015; 23(5):280-284 Doi:10.5455/aim.2015.23.280-4 **Impact Factor 0.76**

Во овој труд авторите на трудот ги споредувааат ефектите врз хемодинамиката на два начина интубација со Еар трак и Макинтош ларингоскоп. Кардиолошките пациенти развиваат хемодинамска нестабилност при вовед во анестезија и ендотрахеална интубација. Еар трак оптичкиот ларингоскоп е видеоларингоскоп за една употреба. Мерејќи ги виталните хемодинамски параметри авторите покажаа дека постои сигнификантна разлика во хемодинамскипот одговор на двете групи. Авторите заклучуваат дека Еар трак оптичкиот ларингоскоп овозможува побезбедна интубација со стабилна хемодинамика што е значајно за кардиолочките болни кои се подвргнуваат на операција на срцето. Трудот има научно и клиничко значење.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Маја Мојсова Мијовска во досегашната професионална работа постојано стручно се надоградува, па така во 2003 год. добива степендија од WFSA (World Federation of Societies of Anesthesiology) и со посредство на Владата во Израел престојува еден месец во Медицинскиот центар Сорока, Израел; таму под супервизија на проф. Габриел Гурман на Одделот за анестезија со интензивно лекување стручно се усовршува во областа на интензивно лекување и третман на болка.

Во 2011 година аплицира и следната година ја добива стипендијата за едукација за болнички координатори за трансплантација при Astellas ISODP/TTS (интернационална асоцијација за органодарителство). Истата година посетува 2-неделна едукација во болницата „Сестре Милосрднице“ во Загреб - Хрвтска, каде што во склоп едукацијата за болнички координатор се подготвува за детекција на мозочна смрт и одржување на потенцијален донор на органи. Истата година работи заедно со одговорните во Министерството за здравство во изготвување и приспособување на Законот за трансплантација на органи и ткива во Р. Македонија. Во следните години активно работи за развивање на трансплантацијата од починат донор во Р. Македонија. Истата година е назначена за претседател на стручната комисија од областа трансплантација на органи, ткива и крвотворни матични клетки.

Во овој период таа е активен член во дел од мрежата на Северно-источната здравствена организација (South- eastern Europe Health Network) на Светската здравствена организација (WHO) во која се развива соработка со останатите балкански земји во поддршка и развивање на трансплантацијата од починат донор. Во 2015 година ја завршува напредната школа за болнички координатор на Универзитетот во Барселона под покровителство на TPM (Transplant Procurement Management) и се здобива со европска диплома за болнички координатор.

Во јануари 2018 год. е номинирана од Министерството за здравство како претставник за делот трансплантација во мрежата на Северно-источната здравствена организација (South-eastern Europe Health Network- SEEHN) на Светската здравствена организација (WHO).

Д-р Маја Мојсова-Мијовска е член на Македонското лекарско друштво, Лекарската комора на Македонија, потоа е член на Здружението на лекарите по анестезиологија, реанимација и интензивно лекување (ЗЛАРИЛ), Европското здружение на анестезиолози (ЕСА), како и на „Евротрансплант“. Таа учествува на повеќе домашни и меѓународни конгреси, семинари и симпозиуми, како во Македонија така и пошироко како презентер и поканет предавач. Активно се служи со англиски јазик. Македноското лекарско друштво во 2013 година ја наградува со Диплома за придонеси и ангажирање во работата на МЛД, а за нејзините професионални и стручни заложби, како и за нејзината пожртвуваност при укажување на медицинска помош на повредените во Куманово во 2015 година добива БЛАГОДАРНИЦА од страна на ЛКМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Маја Мојсова-Мијовска е доктор специјалист по анестезиологија со интензивна медицина и доктор на науки во областа на медицинските науки и една од пријавените кандидатки на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/вонреден професор од областа анестезиологија и ургентна медицина.

Д-р Маја Мојсова-Мијовска професионално се занимава со анестезиологијата веќе 19 години. Комисијата ги анализираше доставените материјали за рецензија и смета дека на Конкурсот треба да се избере пријавената кандидатка д-р Маја Мојсова-Мијовска. Оваа одлука Комисијата ја донесува врз основа на фактот дека кандидатката приложи доволен број документи – докази, со кои се увиде дека таа ги задоволува законските услови во Конкурсот од кои може да се види дека таа покрај формалните критериуми на Конкурсот кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот има и перманентен континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Особено е импресивен текот на постојаното професионално надградување, земајќи активно учество во голем број странски и домашни школи за континуирана постдипломска едукација, како и сосема пристојниот број на стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р сци Маја Мојсова-Мијовска во звање **насловен доцент** во наставно-научната област *анестезиологија и ургентна медицина* на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Шољакова, редовен професор во пензија, претседател, с.р.**
**Д-р Зорка Николова-Тодорова, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Ѓорги Шуманов, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјаВа | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 3. | Избор во звање асистент докторанд | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјаВа** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 2. | **Дел од монографија или научна книга** | **3** | **18** | | | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (15/10/5) | 5 | 75 | 1 | 15 | **90** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (9/6/3) | 1x9<br>4x6 | (9/6/3) | | | **33** |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати | 11 | 2 | | | **22** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир | 6 | 3 | | | **18** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир | **5** | 2 | | | **10** |
| 10 | Одбранета докторска теза | **1** | 8 | | | **8** |
| 22. | Студиски престој во странство | **8** | 8 | | | **36** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **217** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | **8** | **2** | **15** | 3 | **16+45**<br>**61** |
| 12. | Председател на организационен или програмски одбор на стручен собир<br>- ИССИА 2 | 1 | 2 | | | |
| 14 | Прифатени иновации | 5 | 4 | | | **20** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 2 | 4 | | | **8** |
| 25 | **Раководител на Клиниката** | 1 | 4 | | | **4** |
| 26 | Шеф на Оддел за анестезија во урологија | 1 | 3 | | | **3** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 7 | 5 | | | **35** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **131** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **348** |